Можностите  за поддршка и промоција на Регионалниот проект за изучување на францускиот јазик во општина Неготино-беше една од темите на кои денеска  како градоначалник на општина Неготино разговарав со г-динот Иго  Бештел, советник за соработка и културно делување во Француската  амбасада и директор на Францускиот институт во Скопје за време неговата  официјална посета на нашиот град. На средбата разговаравме за  можностите за спроведување и на други проекти во Неготино кои би биле од  заеднички интерес за општина Неготино и Францускиот институт во  Скопје,а беше потенцирана и успешната улога на  Францускиот институт кој  има значајна улога во едукативниот процес преку организирано изучување  на францускиот јазик, франкофонските активности, обука на професори и  друго. Предходно, г-динот Бештел престојување во СОУ„Св,Кирил и Методиј“  каде што на 35 ученици и професори од училиштето им беа врачени  меѓународно акредитирани дипломи за познавање на нивото на францускиот  јазик на ниво од А1 до Б2, а го посети и ООУ„Гоце Делчев“.

